

Веле (Велко) Марков (12. II 1870 – 23. VI 1902) е македонски револуционер, социјалист, крушевски војвода на Македонската револуционерна отганизација, познат под псевдонимот Милтон. Во 1892 година заминал на печалба во Софија, Бугарија, каде се зближил со Васил Главинов и во 1895 година ја основале Македонската социјалистичка група. Во 1899 година, по враќањето во Македонија бил еден од основачите на социјалистички кружок во Крушево и со другите социјалисти стапиле во ТМОРО. Во 1900 година. во Битола основал социјалистички кружок, а во почетокот на 1901 година влегува во четата на војводата Никола Русински. Станал крушевски војвода и загинал во борба со османлиските војници во с. Ракитница.

Веле Петров Марков е роден на 12 февруари 1870 година во Крушевското село Селце. Израснал во сиромашно семејство. Во 1892 година заминал на печалба во Софија каде работи како ѕидар и столар. Во Софија се зближил со Васил Главинов и станал член на работничката социјалистичка група. Марков го основал столарскиот синдикат и во 1893 година со Главинов ја основале Македонската социјалистичка група, во која членуваат Никола Петров - Русински, Никола Карев, Димитар Мирасчиев, Андон Шулев, Атанас Раздолов, Стојно Стојнов, Гиго Дандарот, Лазар Главинов, Димо Хаџи Димов и уште некои печалбари и револуционери

Во 1899 година Веле Марков заминал за Македонија и заедно со Никола Карев ја формираат социјалистичката група во Крушево. Подоцна се населил во Битола каде работи како столар. Исто така и во градот на конзулите основа социјалистички кружок, а на 2 јуни 1900 година организира социјалистичка конференција во Крушевско, на која се решава социјалистичките групи да стапат во Македонската револуционерна организација.

Во март 1901 година влегува во четата на Никола Русински, а по заминувањето на Русински за Прилепско, од 29 август истата година е Крушевски војвода. Во четата на Русински како подвојводи во своите реони дејствуваат Јордан Пиперката, Веле Марков, Ѓурчин Наумов – Пљакот, Ванчо Србаков, Ѓорѓи Сугарев, Тале Христов и други. Како војвода, Веле успеа да ги организира селата од малата Крушевска нахија.

Во овој период граѓаните на Крушево се жалат против полицискиот преставник Али ефенди, кој осрамотил малолетно девојче. Но испратената од Битола анкетна комисија, кон која се приклучил и Али ефенди, ја започнала анкетата со претреси и тепање над луѓето кои се жалеле. Многумина се уапсени, а десетина граѓани, меѓу кои и тројца наставници со директорот Петар Иванов стануваат нелегални во четата на Марков.

На 23 јуни 1902 година четата на војводата Веле Марков е издадена во Крушевското село Ракитница. Четата била нападната од војска и башибозук и се водела целодневна борба. Во текот на борбата, согледувајќи дека нема да успеат да го пробиат обрачот, за да не падне во турски раце, четник Тирчо Карев од Крушево се обидува да се самоубие така што си го пресекува грлото, но не успева и ги молел своите другари да го убијат.

На помош на војводата Веле Марков притекнува милиција од градот, испратена од Крушевскиот раководител ѓакон Јосиф, како и четата на Демирхисарскиот војвода Јордан Пиперката. Но и тие не успеваат да раскинат обрачот.

По целодневна борба четата имаше 6 загинати, меѓу кои беше и војводата Велко Марков. Османлиската војска имаше многу повеќе загинати, меѓу кои и Крушевскиот золумџија Јунус. Само, наследникот на Марков како Крушевски војвода, Ѓурчин Наумов - Пљакот и уште тројца четници успеваат да ја пробијат турската блокада.

На тука не завршил турскиот зулум. Другиот ден на потера, турските војници убиваат шест селани во Ракитница, повредуваат двајца, малтретираат 30 лица, опожаруваат 14 и ограбуваат 14 куќи, а за да се пофалат со победата османлиските војници ги отсекуваат главите на Веле Марков, Тирчо Карев и Георги Кошинчето.